Co-funded by the European Union

ABA VR

# VR сценарио за обука: Примена на истребување на предизвикувачко однесување настанато по одбивање на пристап до посакуван предмет

Времетраење: Приближно 10 минути
Средина: Супермаркет
Целна вештина: Примена на процедура на истребување на предизвикувачко однесување кое се појавува кога на Марко не му е даден пристап до посакуван предмет/активност или кога предметот/активноста не се достапни
Профил на детето: Марко

- Возраст: 5 години
- Дијагноза: Нарушување од спектарот на аутизам (дијагностицирано на возраст од 2 години)
- Јазично ниво: Зборува со фрази од 2-3 збора, може да следи едноставни инструкции
- Моментални вештини:
    - Може да ги идентификува основните бои и форми
    - Започнува да ги учи буквите и броевите
    - Кога е поттикнат, може да ги побара посакуваните предмети, користејќи фрази како „сакам колаче"
    - Независен во основни активности за самогрижа
    - Не може да чека за посакуваните предмети или внимание
- Предизвикувачки однесувања:
    - Често гласно негодува (плачење, жалење) кога ќе му се каже „не"
    - Фрла предмети кога не му е дозволен пристап до посакуван предмет/активност
- Поткрепувачи:
    - Слатки
    - Време за iPad
    - Игра со балончиња
    - Музички играчки
    - Физички активности (скокање, вртење)

Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA"не можат да сносат одговорност за нив.

2023-1-DK01-KA220-HED-000153480

Лиценцирано под CC BY-NC-SA 4.0.

CC BY NC SA

blue beehive · СИНА СВЕТУЛКА · AALBORG UNIVERSITET · ViModo Research & Education Hub · MUNI · SOSU Østjylland

Ликови
Обучувач/Тренер/Дете: BCBA/Марко, 5-годишно дете со аутизам
Наставничка: Г-ца Рената, на обука за RBT (Регистриран техничар за однесување)

Сцена 1: Вовед и инструкции (2 минути)
Сцена: Пред влезот на супермаркетот
**Обучувач:** „Денес ќе работиме на тоа да му помогнеме на Марко да научи дека не може да ги добие сите предмети што ги побарал во продавницата. Ќе вежбаме како да му понудиме алтернативни начини да побара или да чека и како да не му го даваме тоа што го сака кога ќе почне да се жали, да ги грабнува работите или да ги фрла."
**Наставничка:** „Доколку побара бонбони, дали веднаш треба да дадам одговор?"
**Обучувач:** „Ако побара на соодветен начин, може да го признаеш неговото барање, но да му посочиш дека мора да почека неколку минути пред да го добие тоа што го побарал. Ќе обезбедиме поткрепување за соодветно барање на предметите но и за мирно чекање, без грабнување на предметите или жалење."

Сцена 2: Влегување во редот со грицки (2 минути)
Средина: Во редот со грицки, каде што слатките се на ниво на очите на Марко
**Наставничка:** „Марко, дојдовме да купиме неколку работи за вечера."
**Марко:** [Посегнува кон бонбоните]
**Наставничка:** „Гледам дека ти се допаѓаат бонбоните! Можеш да избереш еден предмет за да го разгледаш, но сега не е време да купиме бонбони". [Го насочува кон друг дел од редот]
**Марко:** [Ги зема бонбоните и ги става во кошничката]
**Наставничка:** Марко, ти кажав дека можеш да ги разгледаш но нема да купиме бонбони! [ги враќа бонбоните на рафтот]
**Марко:** [Ги зема бонбоните, ги фрла на подот и почнува да плаче]
**Наставничка:** Во ред е Марко. Само треба убаво да побараш бонбони. Користи зборови.
**Марко:** „Сакам бонбони"
**Наставничка:** Супер Марко. Еве може да ги купиме бонбоните. [ги става бонбоните во кошничката]
**Обучувач:** „Почна добро, со тоа што го пренасочи Марко, но кога појави предизвикувачко однесување се обиде да го смириш со тоа што му ги понуди бонбоните. Иако го поттикна да побара на соодветен начин, бидејќи ова се случи додека тој плачеше, на крајот го подмити. Требаше да почекаш да се смири пред да го поттикнеш да ги побара бонбоните."

Сцена 3: Поткрепување по соодветно барање (3 минути)

Средина: Сѐ уште во редот со грицки, Марко покажува интерес за бонбоните.

- Цел: Да се научи Марко дека само кога ќе побара соодветно (со смирено и соодветно однесување), ќе биде признаено неговото барање или ќе добие поткрепување.
  - **Наставничка:** „Марко запомни, ако сакаш нешто потребно е да побараш смирено"
  - **Марко:** [Покажува кон бонбоните] „Сакам бонбони!"
  - **Наставничка:** „Ти благодарам што побара убаво. Сега нема да купиме бонбони. Дојдовме да купиме работи за вечера." [Го насочува Марко кон друг рафт]
  - **Марко:** [Почнува гласно да се жали, паѓа на подот]
  - **Наставничка:** [Одржува неутрален тон, избегнува контакт со очи и смирено продолжува со пазарење додека го задржува погледот кон Марко]
  - **Обучувач:** [Ја паузира симулацијата] „Добро постапи, го игнорираше предизвикувачкото однесување и не му даде на Марко бонбони, но ја пропушти можноста да дадеш поткрепување кога тој ги побара бонбоните на соодветен начин. Треба да научи да го прифати „не" како одговор, но во овој момент ајде да се фокусираме да го научиме соодветно да го побара тоа што го сака. Сѐ уште сакаме да му дадете внимание на Марко и користиме истребување само за однесувањата кои се поттикнати од барање на нешто опипливо."

Сцена 4: Поткрепување по соодветно барање (2 минути)

Средина: Во делот со овошје и зеленчук, каде Марко покажува интерес за овошјата.

- Цел: Обезбедување на поткрепување кога Марко соодветно ќе побара.
  - **Наставничка:** [Го забележува Марко дека ги гледа јаболката без да се жали] „Одлично Марко, колку си смирен! Супер што чекаш додека пазариме."
  - **Марко:** [Се смее, но погледнува повторно кон рафтовите со бонбони]
  - **Наставничка:** „Ајде да избере заедно овошје. Што мислиш дека треба да купиме?" [Го вклучува Марко во изборот на јаболка и му го пренасочува вниманието]
  - **Марко:** Сакам бонбони
  - **Наставничка:** „Ти благодарам што побара убаво. Добро, ајде прво да завршиме со пазарењето и потоа може да земеме бонбони, бидејќи побара убаво и смирено."

- **Обучувач**: „Одлично! Со фокусирање на тоа што правилно го направил, го поткрепуваш смиреното однесување кое сакаш да го видиш."

Сцена 5: Самостојна пракса/Генерализација (2 минути)
**Обучувач:** „Сега ќе вежбаш самостојно. Јас сега ќе бидам Марко, а ти ќе реагираш врз основа на неговото однесување. Фокусирај се на соодветно барање и чекање"
[Наставничката и обучувачот самостојно се вклучуваат во улогите, симулирајќи различни однесувања поврзани со пристап до нешто опипливо.]